Јули 2011 Бр.117

# FOREVER
MACEDONIA










# Нови и усовршени извештаи за БОНУСИ



Форевер Ливинг Продактс трудејќи се да пружи што подобри услуги на дистрибутерите, подготви нови и многу подетални извештаи за бонусите. Обновениот формат можеби е веќе познат на оние дистрибутери кои имаат екипи во САД и добиваат извештај за својата дејност. Во Македонија сега започнуваме со новите извештаи.

Вработените во одделот за информациски технологии во САД и во ФЛП Бугарија напорно работеа за да имате не само подетални информации во извештаите, туку и истите да станат поразбирливи за вас.




## НОВИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Извештајот за бонус ќе биде разделен на **шест дела** со детални информации за: порачки, плаќање, клиенти, бодови, програми за стимулирање, квалификации за лидерски бонуси.
- Ќе го видите **деталниот приказ на бодовите** за лесно да препознавате дали тие се лични, од нови дистрибутери, неменаџерски, лидерски или од екипата на неактивен Менаџер под вас.
- Во извештајот ќе има и **детали за бонусите** за да воочите кои се лични, од нови дистрибутери, од група и лидерски.
- Имате и **детален преглед на заработката од нови дистрибутери.**
- Колоната **"Вкупен обем"** ги собира сите колони за бонуси и тие со заработката од нови дистрибутери.
- По деталите за порачките ќе видите поле кое го покажува **вкупниот број на дистрибутери** во вашиот извештај.

## ОБЈАСНУВАЊА

- ***Лични б.***- бодови од порачки кои вие лично сте ги направиле (100%).
- **Б.од нови дистрибутери**- бодови од порачките на соработниците под вас кои сé уште се на ниво Нов Дистрибутер (100%).
- **Транзитни б.**- бодови генерирани од дистрибутери на ниво различно од Менаџер кои се наоѓаат во екипа на неактивен Менаџер под вас (100%). Тие не влегуваат во вашата квалификација за лидерски бонус.
- **Неменаџерски б.**-бодови од порачките на соработниците од вашата неменаџерска екипа-помеѓу вас и нив нема друг Менаџер (100%).
- **Лидерски б.**- бодови генерирани од групите на активните Менаџери во вашата екипа (прво поколение-40%, второ поколение-20%, трето поколение-10%).
- **Личен бонус**- бонус од вашите лични порачки.
- **Бонус од нови дистрибутери**- бонус од порачките на Нови Дистрибутери од вашата екипа кои ги добивате во случај кога помеѓу вас и нив нема друг соработник на ниво Асистент Супервизор или повисоко.
- **Бонус од група**- бонус од неменаџерската екипа (помеѓу вас и овие соработници нема друг Менаџер).
- **Лидерски бонус**- бонус од групите на активните Менаџери во вашата екипа.
- **Плаќање**- ја покажува датата на која се пресметуваат вашите бонуси.




Можете да го добивате својот извештај и по електронски пат-еколошко и удобно решение. Електронскиот извештај се подготвува и добива многу порано од извештајот на хартија- најмалку 8-10 дена пред 15-ти во месецот. Освен тоа не ризикувате тој да се изгуби по пошта. Ако сакате да започнете да ги добивате извештаите за бонуси онлајн, можете или да ја информирате канцеларијата на ФЛП Македонија, или сами да ја обележите промената во својот личен профил на веб страницата **www.foreverliving.com.**

# ПОВРЗАНИ

Како што многу од вас знаат, неодамна присуствував на Африканското рели 2011 во прекрасниот Кејптаун, Јужна Африка. Каков неверојатен настан беше! Незаборавна беше глетката на повеќе од 4 000 од нашите прекрасни дистрибутери од целиот континент, облечени во шарените, традиционални костими.

Стоејќи на сцената, можев да ја почувствувам енергијата и возбудата во воздухот. Над 2.5 милиони долари беа разделени во чекови како дел од профитот – рекорд за Африка. Не се сомневам, дека програмата за дел од профитот го промени животот на многумина. Оваа година најголемиот чек го заработија Табани и Номбусо Биела од Јужна Африка, а вредноста му беше $234 327,22!

Сакам секој од нашите дистрибутери од Африка да знае колку многу се гордеам со нив и со тоа што го прават. Тие се одличен пример за тоа какви резултати можат да се постигнат, кога ќе се искомбинираат грижата за другите, решителноста и напорната работа. Продолжете така и следната година ќе се видиме во Сан Сити!

Откако во последните четири месеци присуствував на регионални релија во Северна и Јужна Америка, во Азија, Европа и Африка, помислив дека колку и да е голема нашата планета, денес таа е мал свет, бидејќи сите сме поврзани едни со други преку интернет, електронска пошта и мобилни телефони. И покрај тоа што понекогаш информациската преоптетереност ме загрижува, сите современи технологии ни даваат можност да се поврземе со многу повеќе луѓе, отколку што сме мечтаеле пред 33 години кога ја основавме ФЛП.

Работата во мрежниот маркетинг веќе не означува контакт само со најблиските роднини, пријатели и со соседите. Технологии како Мојот ФЛП Биз, вебинарите и веб страницата foreverliving.com ви помагаат да го раширите својот бизнис и да се поврзете со луѓе, кои не се од друг кварт, туку можеби се и од друга држава.

Дали можете да си ја претставите силата на мрежната работа, кога публиката ви е толку голема? Можете да стигнете до илјадници, дури и милиони низ целиот свет и да им го предадете нашето неверојатно послание за подобро здравје и поголемо богатство.

Претседател и главен генерален директор на ФЛП

**Рекс Моган**



Дали целосно ги користите предностите од овие технологии? Ако не, запрашајте се зошто. Дали сите овие нови технологии ве заплашуваат? Дали чувствувате дека технолошкиот бран ве одминал? Или пак си мислите дека е многу тешко и не можете да научите? Ако така размислувате, денес ве предизвикувам да го промените мислењето.

Технологијата не е нешто, од кое треба да се плашиме, туку треба да го прифатиме со раширени раце. Има толку многу извори од кои може да научите повеќе за инструментите со кои располагаат дистрибутерите денес. Веб страницата на фирмата има одлични онлајн обуки. Вашите спонзори, регионалната канцеларија и вашиот директор исто така се одличен извор на информации. Обратете се кај нив. Тие со радост ќе ви помогнат.

ФЛП вложува значителни ресурси во нови технологии и ви ветувам дека таа тенденција ќе се задржи, за да им ги понудиме на нашите прекрасни дистрибутери најсовремените инструменти, неопходни за градење на бизнис во постојано променливиот свет. Ќе продолжиме да бараме нови начини да ве поврзуваме со милионите луѓе кои го бараат тоа што го нудиме. Пораката на ФЛП треба да биде слушната и ние со сите сили ќе ви помогнеме истата да стигне до повеќе луѓе.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



## Драги пријатели,

Кога во 2001 година се запознавме со Форевер Ливинг Продактс, директорот на компанијата во Европа – Дасти Грин, освен сé друго ни кажа и нешто, кое тогаш го примивме како стандардните ветувања на човек кој се обидува да воодушеви некого со компанијата во која работи. Тој ни кажа сосем кратко и многу убедливо: „Форевер ќе го промени вашиот живот!“ И покрај тоа што не обрнавме многу внимание на таа реченица, ние добро ја запомнивме. Сега, 10 години подоцна, разбираме што сакаше да каже Дасти тогаш и можам да кажам: „Да, Форевер го промени нашиот живот!”

Го промени на начин на кој никогаш немаше да живееме, ако не ја сретневме точно оваа компанија. Освен што нé направи финансиски независни, ни́ даде можност да сретнеме илјадници нови пријатели, да го обиколиме светот и да ја почувствуваме силата на заразниот ентузијазам, Форевер ни́ даде и уште нешто кое е безцено. Тоа се познавањата, навиките и умешноста да се грижиме за сопственото и здравјето на најблиските. Со производите на компанијата кои секојдневно ги користиме, ние уживаме во предностите кои се недостапни за многумина, независно од нивната финансиска состојба и познавања. Тоа се предностите да се чувствуваме повитални, подобро да изгледаме, да имаме повеќе енергија и не на последно место – да боледуваме многу помалку. Зошто пред Форевер и ние, како и многу други околу нас, мислевме дека лекарите се одговорни за нашето здравје и не е потребно да се трудиме за неговото одржување. Благодарни сме и́ на компанијата што со нејзина помош научивме дека лекарите се незаменливи кога имаме сериозен здравствен проблем, но сами сме одговорни за да немаме таков и должни сме лично секојдневно да се грижиме!

Во овие години станавме сведоци како Форевер го промени животот и на стотици и илјадници дистрибутери на компанијата. Гледавме како благодарение на желбата за промена и подготвеноста да го направат неопходното за да ја постигнат, и со помош на можностите кои компанијата ги нуди, многу од вас ги променија животите и ги реализираа желбите и мечтите, кои претходната професија не им дозволувала да ги исполнат. Вашите истории се толку возбудливи што можат да помогнат на многумина околу вас исто да си го променат животот. А за да се случи тоа потребно е да ја раскажете својата историја со Форевер и да ја споделите со секој на кого сакате да раскажете, како за производите на компанијата, така и за можностите за сопствен бизнис кои таа ги предлага. Што треба да содржи вашата историја за да ги воодушеви луѓето околу вас и да ги натера да посакаат нешто слично да им се случи и на нив? Следните едноставни нешта.

- Што сакав да постигнам (нов дом, нов автомобил, повеќе слободно време со семејството, здравје, пат по светот, средства за образование, хоби или добротворна дејност), пред да се запознаам со Форевер и зошто не можев да си го дозволам тогаш (недоволно доходи, недостаток на можност за развој и градење на сопствен бизнис, тешка работа, банкрот на приватен бизнис, возраст и т.н.)?
- Како се запознав со Форевер, какви цели си поставив и што направив?
- Што постигнав со Форевер (доходи од компанијата, ниво во маркетинг планот, автомобил, дом, патување, здравје, нов стандард на живот...) и како производите и можностите предлагани од компанијата ми помогнаа да го постигнам?

Не е тешко, нели? Седнете уште денес и запишете ја својата историја на не повеќе од една страница. Научете добро и воодушевено да ја раскажувате и не пропуштајте да ја споделите со сите околу вас. Зошто Форевер навистина може да го промени животот на секој кој тоа силно го сака. Тоа е сигурно така!

Поздрави,
Стефан и Тања Стаеви

# Заштитен спреј од сонце со алое






Сончевата светлина е од основно значење за животот на земјата и во повеќето случаи има благотворно влијание. Но,сончевите зраци може да ја оштетат кожата, без оглед на нејзиниот тен. Кај умерената изложеност на сонце доаѓа до темнеење на светлата кожа, но редовното сончање во текот на низа години може да го забрза фотостареењето на кожата, кое се одликува со стврднување на кожата, темни дамки и исклучително брзо брчкање. Големите сончеви изгореници во младоста ја зголемуваат опасноста од развивање на малигниот меланом многу години подоцна.

Од сончевите ултравиолетови зраци кои навлегуваат низ атмосферата, УВА зраците предизвикуваат само сончање на кожата и може да предизвикаат предвремено стареење и брчкање на кожата. УВБ зраците пак предизвикуваат изгореници и ја зголемуваат опасноста од добивање рак на кожата.

Да се потсетиме на неколку правила за минимализирање на штетното влијание на сонцето:

- Не постои безопасен или здрав тен, бидејќи добивањето на тен покажува дека кожата е оштетена и се обидува да се заштити.
- Ограничете го изложувањето на сончева радијација во периодот од 12 до 16 часот.
- Седете под сенка, но не заборавајте дека изгореници од сонце може да настанат дури и кога сте под сенка.
- Сончеви опекотини може да се добијат и додека пливате.
- Носете соодветна капа која ќе го штити вашето лице и врат.
- Носете квалитетни наочари за сонце.
- Навечер, по туширањето нанесете од Aloe Lotion кој е ефикасен хидратант и содржи колаген и еластин.

Ако вие и вашето семејство имате активен начин на живеење, тоа значи дека секогаш треба да бидете подготвени. Не е лесно да се грижите за тоа сите да се постојано задоволни, а доколку сте подготвени за забава под сончевите зраци, тогаш нема потреба да се тревожите.

За таа цел секогаш треба со себе да го носите заштитниот спреј од сонце со алое вера. Неговиот заштитен фактор 30 и стабилизираниот алое вера гел кој го содржи, ја заштитува вашата кожа од стареење и оштетување од ултравиолетовите зраци. Дополнителна предност е подобрената водоотпорност на производот кој ви овозможува безгрижно да се забавувате и пливате. Со притискање на пумпата, испрскајте неколку пати и спремни сте да уживате. Одржувањето на здрава кожа во текот на летниот период никогаш не било полесно!







# Природен енергетски пијалок FAB Forever Active Boost

**Напливот на енергија кој се добива од ФАБ се должи на гуараната -природна состојка која е многу популарна во Бразил-**

**Ф-антастично**

**А-ктивни**

**Б-есконечна енергија**



**Енергетски пијалок за сите генерации!**

Дали сте во потрага по енергетски пијалок кој ќе ве исполни со енергија? Пијалок кој не само што ќе ви даде летечки старт, воедно ќе ве исполни и со дополнителна енергија, за да можете во целост да се справите со трката од обврски кои ви ги носи секојдневието. Форевер Ливинг Продуктс создаде производ кој може да биде со вас насекаде, каде ви е потребно-природен енергетски пијалок **ФАБ-Форевер активна поддршка** (код: 321).




Сите ние сите знаеме колку исцрпувачки може да биде активниот живот, исполнет со премногу обврски-почнувајќи од исполнувањето на крајните рокови на работа, да се земат децата од училиште и да се однесат до местата на нивните попладневни активности, пазарување на храна и ред други работи.

Како може некој сето тоа време да има доволно енергија? ФЛП пронајде решение кое ќе помогне да се подигнете кога ќе ја почувствувате енергијата на „резерва-“ FAB Forever Active Boost, природен енергетски пијалок. FAB - енергетскиот пијалок се разликува од другите енергетски пијалоци затоа што ви ги дава и двете нешта од кои имате потреба, а тоа се моментална и енергетска поддршка со долготрајно дејство. Моменталната енергија доаѓа од гуараната, природна состојка која е многу популарна во Бразил, додека долготрајноста на енергијата е од моќноста на ADX7 технологијата: соодветна мешавина од адаптогени билки и други хранливи материи усовршени од водечки Руски спортски научници и истражувачи. ADX7 им има помогнато на Руските маратонци и атлетичари да освојат преку 130 медали на Олимписките натпреварувања!

FAB е брз, освежувачки начин да останете полни со енергија и подготвени во текот на целиот ден.

Тој ве ревитализира и ве прави издржливи и концентрирани за да се справите со сите работи кои треба да ги завршите, и плус работите кои сакавте да ги направите.





***Наполнете ги батериите со ФАБ и уживајте во денот!***

## ПРОМОЦИЈА!

***Квалификувани за Netbook 10, 1” се:***

**Миле Донаков и Николина Ѓорѓиева.**

***Квалификувани за Лаптоп:***

**Димовска Стевица и Др.Роза Гелевска.**







# SUCCESS DAY 11.06.2011





FOREVER

# EUROPEAN RALLY BUDAPEST be free 2012

## 24-25 февруари 2012 г., БУДИМПЕШТА, УНГАРИЈА

**Период за квалификација: 1 јули-31 октомври 2011 г.**

## НИВО 3

**Реализирајте вкупен промет од 95 бода (вклучувајќи ги и вашите лични бодови) во рамките на оваа нова група од дистрибутери**

- ⋆ ВЛЕЗНИЦИ ЗА РЕЛИ
- ⋆ 3 НОЌЕВАЊА
- ⋆ АВИОНСКА КАРТА

ВИЕ (активни)

Асистент Супервизор Минимум 30 бода

Асистент Супервизор Минимум 30 бода

Асистент Супервизор + 2 бода

## НИВО 2

**Реализирајте вкупен промет од 50 бода (вклучувајќи ги и вашите лични бодови) во рамките на оваа нова група од дистрибутери**

- ⋆ ВЛЕЗНИЦИ ЗА РЕЛИ
- ⋆ 3 НОЌЕВАЊА

ВИЕ (активни)

Асистент Супервизор Минимум 15 бода

Асистент Супервизор Минимум 15 бода

Асистент Супервизор + 2 бода

## НИВО 1

**Реализирајте вкупен промет од 20 бода (вклучувајќи ги и вашите лични бодови) во рамките на оваа нова група од дистрибутери**

- ⋆ ВЛЕЗНИЦИ ЗА РЕЛИ

ВИЕ (активни)

Асистент Супервизор + 2 бода

Асистент Супервизор + 2 бода

Асистент Супервизор + 2 бода

***Стандардни правила за сите нивоа:*** *спонзорирајте најмалку три нови дистрибутери во ваша прва линија кои ќе го достигнат нивото Асистент Супервизор. Секој нов дистрибутер мора да го постигне минимумот бодови назначен погоре. Бидете активни со 4 бода во секој месец од квалификацијата. Оваа квалификација ќе трае од 1 јули до 31 октомври 2011 г. Сите услови за квалификација треба да бидат исполнети во посочениот период. Нови дистрибутери може да учествуваат, но треба да се регистрирани најдоцна во јули и да бидат активни во сите четири месеци од квалификацијата. За дата на зачленување се смета датата на која дистрибутерскиот договор ќе се внесе во компјутерот на централната канцеларија. Квалификацијата е валидна само за дистрибутери во Европа. Сите екипи треба да бидат спонзорирани во државата во која живеат. Квалификуваните на второ и трето ниво ќе добијат пакет со производи. Сите квалификувани ќе добијат беџ со своето име и програма за Релито. Сите учесници сами се грижат за храната за време на Релито. ФЛП не сноси одговорност за дистрибутери кои не ги запознале или не ги разбрале правилата на програмата за квалификација. Нема да бидат направени никакви исклучоци. Наградите го содржат само тоа кое е горе наведено. Ве молиме за повеќе информации да се обратите до Генералниот Директор на ФЛП Бугарија/Македонија. Наградите не можат да бидат дадени во форма на пари. Наградите не можат да бидат предадени на друго лице.*

# FOREVER

## РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во канцелариите на ФЛП

- **Секој понеделник: Мери Цајковска-Супервизор**
  **Почеток: 18:00 часот**
- **Секој вторник: Дејан Брсакоски-Менаџер**
  **Почеток: 17:00 часот**
- **Секоја среда: Вера Златковска-Менаџер**
  **Почеток: 17:30 часот**
- **Секој четврток: Катерина Трајчевска-Менаџер**
  **Почеток:17:00 часот**
  **Славица Донакова-Менаџер**
  **Почеток:18:00 часот**
- **Секој петок: Александар Апел - Менаџер**
  **Почеток: 18:00 часот**

## ПРОМОЦИЈА!

**За еден купен производ Fast Break Bar добивате два. Количините се ограничени!**




## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

## Квалификации за јуни 2011

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др. Снежана Контра
2. Др.Роза Гелевска
3. Вера Златковска
4. Др.Билјана Ефтимова
5. Славица Донакова
6. Младен Димовски
7. Катерина Трајчевска
8. Слаѓана Маџова
9. Стевица Димовска
10. Гордана Трајковска

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Др.Снежана Контра
4. Др.Роза Гелевска
5. Вера Златковска
6. Славица Донакова
7. Катерина Трајчевска
8. Др.Билјана Ефтимова
9. Младен Димовски
10. Слаѓана Маџова


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

ул. Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk


Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## Квалификации за јуни 2011



### Асистент Менаџери

1. **Гелевски Др.Роза и Драган – Куманово**



### Супервизори

1. **Димовски Стевица и Александар – Скопје**
2. **Маџови Слаѓана и Јованче – Свети Николе**
3. **Митеви Др.Гордана и Киро – Свети Николе**



### Асистент Супервизори

1. Давкови Никола и Дивна – Свети Николе
2. Давкови Маја и Дејан – Свети Николе
3. Гелевска Мери – Куманово
4. Герасимовски Миле – Кичево
5. Исајловски Николинка и Зоран – Скопје
6. Иванова Елена – Свети Николе
7. Иванови Виолета и Ристе – Скопје
8. Др.Паца Јованова – Кочани
9. Јовановски Сања и Сашо – Охрид
10. Спахија Биргил и Беким – Куманово
11. Стојаноски Сузана и Стојанче - Скопје
12. Христовски Марија и Далибор – Скопје
13. Хаџи-Јаневи Лилјана и Методи – Скопје
14. Цекова Марија – Струмица
15. Цветковска Атанасова Марија и Атанасов Дејан – Свети Николе

## ПРОМОЦИЈА!



**Во текот на јули дистрибутерите кои се на ниво Дистрибутер или Асистент Супервизор доколку имаат порачки во вкупна вредност од најмалку 1 бод на свој личен дистрибутерски код ќе добијат 1 (една) поло маица со логото на Форевер Ливинг Продактс. Секоја награда се однесува на 1 парче по дистрибутерски код (независно колкумина се на 1 Дистрибутерски код).**

**Во текот на јули дистрибутерите кои се на ниво Су-первизор или повисоко ниво доколку имаат порачки во вкупна вредност од најмалку 2 бода на свој личен дистрибутерски код ќе добијат 1 (една) поло маица со логото на Форевер Ливинг Продактс. Секоја награда се однесува на 1 парче по дистрибутерски код (независно колкумина се на 1 Дистрибутерски код). Количините се ограничени!**